Образование-Во надлежност на Општина Прилеп има 16 училишта,од кои 11 се основни и 5 средни училишта со вкупно 38 објекти. Основни општински училишта се: Кире Гаврилоски-Јане, Рампо Левката, Кочо Рацин, Гоце Делчев, Климент Охридски, Блаже Конески, Добре Јованоски, Круме Волнароски-с.Тополчани, Кирил и Методиј-с.Канатларци, Страшо Пинџур-с.Мало Коњари и основното општинско музичко училиште Ордан Михајлоски-Оцка. Во основните училишта во нашата општина од прво до осмо одделение учат 7 105 ученици, од кои 6 713 во основните училишта и 392 ученици во музичкото училиште.Од овие бројки се гледа дека вкупниот број на ученици постојано се намалува, причината е иста како и за најголемиот дел од општините во Република Македонија а тоа е намалениот природен прираст на населението со таа разлика што ако во учебната 2012/2013год. имавме зголемување на бројот на првачиња за 42 во однос на учебната 2011/2012год. оваа година имаме намалување за 51 ученик во прво одделение во однос на претходната година кога имавме зголемување тука исто така да напоменеме дека бројот на ученици во музичкото училиште е констатен што е показател кој е директно поврзан со работата на самото училиште и соработката со ЕЛС. Средни училишта се: СОУ Гимназија "Мирче Ацев", СОУ"Орде Чопела", СОУ"Кузман Јосифоски-Питу", СОУ"Ристе Ристески-Ричко" и СОУ"Ѓорче Петров". Во средните училишта учат вкупно 3743 ученици, каде споредено со минатата учебна година имаме значително намалување на бројот на ученици од истите прижини како и во основното образование. Кога сме кај средните училишта да напоменеме дека согласно законот за задолжително средно образование и заедничките активности со МОН и училиштата, од вкупно 812 осмоодделенци во училиштата се запишаа 809 ученици односно 99,7% од учениците и за првпат оваа година трите незапишани ученици се од македонска националност. Во претходната учебна година немаше нови профили за запишување во прва година средно образование, додека за наредната учебна година доколку се добие одобрение од МОН имаме доставено предлози за нови профили и тоа профилот "техничар за фито-фармација и медицински лаборантски техничар" во СОУ "Орде Чопела" и профилите "техничар за електронски бизнис" и "техничар за сметководство и финансиска ревизија" во СОЕПТУ"Кузман Јосифоски-Питу" и се надеваме во соработка со Владата на Р.македонија, МОН и АМС како фудбалската ракометната федерација на Македонија да ги отвориме спортските академии за фудбал и ракомет . Просекот на оцените односно успехот за основните училишта на ниво на општина изнесува 3,89( и е на ниво од претходната учебна година) додека кај средните училишта тој просек е нешто послаб и изнесува 3,29 што е исто така на исто ниво со претходната учебна година. Вкупниот број на вработени во училиштата на територијата на нашата општина изнесува 1035(644 во основно образование и 391 во средно образование), во оваа бројка спаѓаат наставниците, стручните соработници, техничката служба и помошниот персонал вработени на неопределено и определено време.

И во 2013година Општина Прилеп беше активно вклучена во сите активности поврзани со училиштата а кои активности се во рамките на ингеренциите на самата општина. Се инвестираше во повеќе училишта според согледаната состојба и утврдените приоритети а во соработка со МОН и други донатори како и училиштата од Нашата Општина. Во ООУ Кире Гаврилоски-јане со 1 500 000,00денари(средства од ЕЛС Прилеп) се променија подовите во училниците, во ООУ Добре Јованоски се започна со изградба на новата спортска сала со трибини во вредност од 40 000 000,00изгради денари(средства од МОН и Владата на Р.Македонија), целосно се реновира подрачното училиштен а ООУ Блаже Конески во н. Варош во вредност од 1 900

000,00денари(средства од ЕЛС Прилеп), со 2 000 000,00денари во ООУ Климент Охридски се променија внатрешните врати, подовите во училиниците се реновира спортската сала, се санира влезниот скалишен простор во ООУ Гоце Делчев во вредност од 1 000 000,00денари (средства од ЕЛС Прилеп) како и се пушти во употреба новото тениско игралиште во вредност од 5 000 000,00денари(средства од Агенција за млади и спорт), со 1 500 000,00денари имаме нова електрична инсталација во ООУ Рампо Левката(средства од ЕЛС Прилеп), потоа со 650 000,00денари се реновираа санитарните јазли и канцеларијата во подрачното училиштен на ООУ Страшо Пинџур во с.Големо Коњари, се пушти во употреба новото монтажно училиште во с.Чепигово, се промени инсталацијата во централното училиште ООУ Круме Волнароски во Тополчани(1 000 000,00денари средства од ЕЛС Прилеп) и во истото училиште се отвори детска градинка( 1 300 000,00денари средства од Министерство за труд и социјална политика и ЕЛС Прилеп) . Во СОУ " Ѓорче Петров " со 2 500 000,00 денари се изградија нови училници(средства од ЕЛС Прилеп), во СОУ Ристе Ристески-Ричко се пушти во употреба новата спортска сала во вредност од 40 000 000,00денари( средства од МОН и Владата на Р.македонија) и во истото училиште се промени комплетно надворешбната столарија во вредност од 8 500 000,00денари(средства од Министерство за образовани и наука) И во гимназијата Мирче Ацев се изгради новото повеќенаменско игралиште во вредност од над 5 000 000,00денари(средства од Агенција за млади и спорт).Исто така се започнаа доста големи проекти кои се планирани да бидат завршени во оваа година а тоа се: новите спортски сали во СОЕПТУ Кузман Јосифоски-Питу и ООУ Добре Јованоски, се воведе во работа изведувачот и за тениското игралиште во СОУ Гимназија Мирче Ацев ( проект преку Агенцијата за млади испорт). Ќе се започна со изградба на монтажните училишта во с.Беровци и с.Галичани во вредност од 5 000 000,00денари( средства од МОН, каде ЕЛС Прилеп учествува со околу 1 000 000,00денари). Други поголеми проекти кои ги предвидуваме за оваа или наредната годинe се: Промена на столаријата во СОУ Гимназија Мирче Ацев, ООУ Блаже Конески, Кочо Рацин и СОЕПТУ Кузман Јосифоски-Питу, ново централно греење во ООУ Кире Гаврилоски-Јане, нови санитарни јазли во ООУ Гоце Делчев и Блаже Конески, нови фасади на СОУ Ѓорче Петров ,Орде Чопела, Кузман Јосифоски-Питу,како и целосно реновирање на старата зграда од СОУ Ѓорче Петров како и нови санитарни јазли во с.Ерековсци. Во ЈОУДГ"Наша Иднина"-Бончејца се изврши проширување на капацитетот на постојниот објект за приближно 100 деца И за тоа се инвестираа 8 000 000,денари средстава од ЕЛС Прилеп и Швајцарска агенција за соработка и развој преку граѓанската иницијатива "форуми во заедниците".

И во учебната 2013/2014 година во континуитет продолжи да се реализира проектот на МОН за доделување на бесплатни учебници за секој ученик при што Локалната Самоуправа како и секоја година беше вклучена во приемот и дистрибуцијата на учебниците како и во подигнување на дел од учебниците од Скопје и нивна дистрибуција до училиштата. Поголемиот дел од учебници беа доставени и до средните стручни училишта односно овие училишта се докомплемтираат со потребните учебници. Согласно законот за задолжително средно образование се организира и превоз на учениците кои ги исполнуваат условите за користење на превоз односно оваа година, бесплатен превоз користат учениците од 1$^{ва}$, 2$^{ра}$, 3$^{та}$ и 4 $^{та}$ год. и тоа 1008 ученици кои патуваат од другите населени места од нашата и соседните општини, како и од блиските градови. Бесплатен превоз е обезбеден и за 927 ученици од градот на кои, согласно законот за задолжително средно образование, треба да им се обезбеди превоз до училиштата. Локалната самоуправа со сопствени средства продолжи и да ги реализира проектите за обезбедување на превоз за децата од две поодалечени населби и тоа Сточен Пазар и Жабино Маало до ООУ"Рампо Левката и Климент Охридски" каде бесплатен превоз користат 193 ученици како и обезбедување на оброк на децата со посебни потреби кои учат во ООУ"Климент Охридски"(49 деца). Во изминатата година под покровителство на советот на општината се реализираа и училишните општинските лиги во повеќе спортови во машка и женска конкуренција.

Беа реализирани голем број на вонучилишни активности. И традиционално се започна со новогодишните празници каде со свои точки се претставија дел од училиштата, па активноста во ноември кога преку 2500 ученици учествуваа во акцијата за "денот на дрвото". Исто така согласно годишната програма 21 март е денот на екологијата заедно со учениците се изврши пошумување во околината на Прилеп и се одржаа еколошки акции на повеќе локации. Со прекрасана изложба на маски и цртежи, училиштата се претставија по повод **карневалот за Прочка**, додека на самиот карневал учествуваа со повеќе од 20 групни маски со што беа главни носители на карневалот и при што се освоија и неколку главни награди во различни категории ( ООУ"Добре Јовбаноски ", ООУ „Климент Охридски-с.Мажучиште" СОУ Гимназија"Мирче Ацев"и др.). Сите основни училишта во мај месец се претставија со училишните смотри, Тековно се врши генерално чистење на училишните дворови во соработка со ЈКП"Комуналец". Тука треба да го нагласиме дека продолжија реализациите на проекти за правата на децата во соработка со УНИЦЕФ ("Општини по мерка на детето" ) како и проектот за отворање на центри за ран детски развој во градинката во населбата Тризла. Гледано во целост немаше случување во Нашата Општина во која учениците од нашите училишта немаа активно учество и едноставно се носители на самите активности и случувања во нашиот град. Неколку активности имаше Општински совет за превенција од малолетничко престапништво, каде секое училиште има и свој претставник.

Училиштата во соработка со министерството за образование и наука, невладини и други организации се реализираа огромен број на семинари и обуки од областа на образованието и информатичката технологија. Тука сакаме да напоменеме дека Нашата Општина во рамките на своите можности традиционална преку училиштата е вклучна во сите активности поврзани со образованието а во врска со декадата на ромите.Тука би ја споменал постојаната реализацијата на проектот за дообразување на деца роми кои од разни причини ги напуштиле училишните клупи и се повозрасни . Овој проект започна да се реализира со невладината организација ИНТЕРСОС од Р.Италија, го продолжи Локалната самоуправа а сега продолжуваме преку соработка со исто така невладината организација од Р.Италија-ЦОСВИ , преку кој проект до четврто одделение имаат оформено образование околу 50 ученици, и понатаму продолжуваме со работа со уште 50 деца.

Во изминатата година наставата во училиштата се изведуваше без некои поголеми проблеми, односно текот на наставниот процес се одвиваше согласно наставните програми на наставниците и годишните програми на училиштата. Согласно законот за средно и основно образование продолжи да се одвива процесот на самоевалуација(на две години) од страна на училиштата како и интегралната евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат која се одвива на три години Училиштата учествуваа на голем број регионални, државни и меѓународни натпревари од каде се вратија со голем број на награди.

Во 2013 година се одржаа повеќе настани од областа на културата предвидени во годишната програма на Општина Прилеп, со што се даде голем придонес на збогатувањето на културниот живот во градот.
Одделението за култура со годишен буџет 19.350.000,00 денари предвидени за 2013, а потрошени 16.826.453,00 денари, се грижи за институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти од значење за Општината од областа на културата, музејското и библиотечното работење, галерии, културно наследство, фолклорот и обичаите, старите занаети и други културни вредности.
Од богатата реализирана програма за негување на културното наследство и традицијата ги издвојуваме следните настани:
Меѓународниот Карневал Прочка, настан од исклучително значење на Прилеп, кој го стави градот на светската карта на посакувани дестинации и карневалски градови. За овај настан се потрошија вкупно 1.300.000,00 денари, средства од општина Прилеп, вклучувајќи бина, озвучување, сместување и храна за учесниците, кои беа околу 200 гости од соседните држави со групни маски

и 200 гости од другите карневалски градови во Македонија, како и средства за културно-уметничка програма, реклама. Исто така на здружението Прилепски Мечкари, партнер организатор, префрлени се средства во висина од 180.000,00 ден. наменети за парични награди на победничките маски.
Мариовско- Мегленски културни средби се одржаа на 26 мај во манастирот Св. Илија во близина на село Витолиште. Оваа средба е со 30 годишна традиција и е од големо значење за македонците кои живеат на давата краја од границата. За овај настан се потрошија 50.000,00 ден. за културно-уметничката програма, озвучување, храна и превоз за гостите. Во рамките на овај настан се одржува и велосипедската тура Мариово, на која учество земаат околу 200 велосипедисти од Македонија.

Фестивалот на народни инструменти Пеце Атанасоски – Долнени е поддржан од Министерство за култура, а Општина Прилеп учествуваше со тоа што обезбеди сместување за дел од учесниците на Фестивалот во Интернатот „Орде Чопела" и обезбеди озвучување за настапот на камената бина. Средства кои се потрошија за овај настан се околу 30.000 ден.
Театарски фестивал „Војдан Чернодрински„ во Центарот за култура „Марко Цепенков„, подржан е од Министерството за култура како фестивал од национално значење, а Општина Прилеп годинава ја даде својата финансиската поддршка од 500.000,00 ден. Во рамките на фестивалот пред прилепската публика се претставија повеќе театри со врвни остварувања.
За настанот Баскер Фест, кој се одржа крајот на месец јуни се потрошија средства во висина од 307.435,00 ден од буџетот на општина Прилеп.
За Пиво фестивалот годинава се потрошија средства за дел од културно-забавната програма, односно за дел од настапувачите на овај фестивал и тоа за 2 Чела 1.234.000,00 ден., за Халид Бешлич 991.894,00 ден. и за Горан Бреговиќ 1.239.868,00 ден.
Последниот викенд од месец август по втор пат се одржа Прилеп џез викенд, фестивал на џезот, кој е дел од програмата за култура, која како новитет предвидува одржување на такви сезонски фестивали од различен жанр на музика. За овај значаен настан се потрошија средства во висина од 220.000,00 ден, од кои 182.025,00 за хонорар за учесниците, а останатите за озвучување и печатење на рекламен материјал.
За одбележување на 11 Октомври, националниот празник Општина Прилеп одвои средствата предвидени за бина, озвучување, огномет и за културно-забавна програма. Тоа се средства во висина од околу 700.000,00 денари.
Одбележувањето на 3. Ноември – Ден на ослободувањето на Прилеп беше проследено со свечена седница во Центарот за култура Марко Цепенков. За овај настан општина Прилеп обезбедува сала, плакети цвеќе, снимање и сликање на настанот како и поакни за учесниците. После седницата се одржа коктел посветен на добитниците на наградите. За 3 Ноември општина Прилеп одвои средства во висина од 200.000,00 ден.
Во чест на Св. Никола – Патрониот празник на градот оваа година локалната самоуправа го поддржа домаќинот Микросам со свое озвучување и печатење на рекламниот материјал. Тоа се средства во висина од 50.000,00 ден.
Нова Година граѓаните на Прилеп по примерот на големите градови ја чекаат на плоштад, а локалната самоуправа се погрижи тие да имаат добра забава и многу музика. На отворена бина во центарот на градот настапија Хаундс, Ламбе Алабаковски, Викторија Лоба и Биоритам, додека во дневната програма, покрај прилепските ѕвездички настапија Тајзи и Слаткаристика. Бизнис секторот од Прилеп секоја година е финансиски учесник во организирањето на Дочекот на Нова Година, а општина Прилеп ја обезбедува бината и озвучувањето, украсувањето на градот, како и дел од програмата. Дочекот беше збогатен со огномет. За овај настан општина Прилеп потроши 1.500.000,00 денари.
Покрај овие наведени настани, локалната самоуправа на Општина Прилеп подржува и други фестивали и манифестации кои се од значење за општината, како фестивалот Ѕвездички со 50.000,00 ден. концерти на градскиот дувачки оркестар, 30.000,00 ден. концерти на КУД, концерти

на класична музика, а го помага и издаваштвото и промоциите на книги, како и финансиска поддршка на проекти на здруженија кои работат во областа на културата, а се јавиле на јавниот повик за распределба на средства.
Исто така од програмата К4 Културни манифестации и творештво се потрошени 8.639.994,00 ден. за изградба на црквата Свети Наум Охридски 1.000.000,00 ден. и за џамијата 1.400,000,00 ден.
Од програмата КА, културни манифестации и творештво, за изградба на споменици се потрошиле вкупно 11.832.732,00 ден. и тоа за: Блаже Конески – 1.962.766,00 ден. За реконструкција на Саат Кулата -1.999.606,00 ден., за реконструкција на читалната во градската библиотека - 796.411,00, за споменикот на Тоше Проевски- 120.000,00 ден., за споменикот Прилепски Бранители- 4.924.495,00 ден., како и за кино салата - 1.999.454,00 ден.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА БОРКА ТАЛЕСКИ ПРИЛЕП

ЗА БЛОК ДОТАЦИЈАТА НА БУЏЕТСКАТА СМЕТКА
756010914890310 ЗА 2013 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| ВКУПЕН ПРИХОД | | 8.203.028,00 |
| ПЛАТИ | | 5.845.669,00 |
| Нето плати | | 3.988.027,00 |
| Персонален данок од плати | | 279.226,00 |
| | вкупно: 401 | 4.267.253,00 |
| Придонес за ПИО | | 1.052.297,00 |
| Придонес за здравство | | 426.738,00 |
| Придонес за професионално заболување | | 29.242,00 |
| Придонес за вработување | | 70.139,00 |
| | вкупно 402 | 1.578.416,00 |

МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| Комунални услуги греење и транспорт | | |
| -421110 струја | | 535.983,00 |
| -421120 вода | | 15.930,00 |
| -421130 комуналии | | 41.318,00 |
| -421240 нафта за греење | | 265.000,00 |
| -421310 пошта | | 9.046,00 |
| -421320 телефонски услуги | | 110.044,00 |
| -421390 други трошоци за комуникација | | 9.644,00 |
| -421410 бензин | | 3.950,00 |
| -421440 транспорт на луге | | 70.081,00 |
| | вкупно | 1.060.996,00 |
| Материјали и ситен инвентар | | |
| -423110 канцалариски материјали | | 124.789,00 |
| -423120 весници списания и литаратура | | 421.318,00 |
| -423710 средства за хигиена | | 6.000,00 |
| -423990 други материјали | | 25.313,00 |
| | вкупно | 577.420,00 |
| Поправки и тековно одржување | | 199.641,00 |

Договорни услуги

| | | |
|---|---|---|
| -425250 осигур. на опремата(компј. и стакла | | 53.284,00 |
| -425920 Трош.за издавање Цип запис | | 600,00 |
| -425990 други договорни услуги | | 314.070,00 |
| -425991 персонален данок на привати лица | | 31.857,00 |
| | вкупно | 399.811,00 |

Други договорни услуги

| | | |
|---|---|---|
| -Членарини во дом.организации | | 2.000,00 |
| -репрезентација | | 35.694,00 |
| -оглас за јавна набавка | 708,00 | |
| -други оперативни расходи | | 81.089,00 |
| | вкупно | 119.491,00 |

Финансиски резултат( вкупен приход- плати и матери трошоци)=0

| | | |
|---|---|---|
| бруто плати | | 5845.669,00 |
| комуналии ,транспот | | 1.060.996,00 |
| материјали ситен инв | | 577.420,00 |
| тековно одржување | | 199.641,00 |
| договорни услуги | | 399.811,00 |
| други оперативни расходи | | 119.491,00 |
| | вкупно | 8.203.028,00 |

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЈОУДГ" НАША ИДНИНА"- ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2012 ГОДИНА

ЈОУДГ “Наша иднина”- Прилеп содржините ги реализира врз основа на анализите врз согледувањата на програмските документи, во кои се вградени покрај стручно – научните сознанија за интелектуални потенцијали и потреби на децата од 9 месеци до 5 години и 8 - месечна возраст.

Активностите се реализираат врз :

- Програмата за воспитно – образовна дејност;
- Законот за заштита на децата.

Функционалната дејност – ЈОУДГ “Наша иднина”Прилеп

Реализација на истата условува постоење на здрав, сигурен и пријатен престој (внатрешен и надворешен), флексибилен и стимулативен простор.

Функционалната дејност се обавува во 4 – Објекти кои се наменски и тоа: “Гоце Делчев“, “Мирче Ацев”, “Тризла”, “Бончејца” чиј што проектиран капацитет е 660 деца. Од октомври, 2013 година, ЈОУДГ Наша иднина Прилеп, врши дел од својата дејност во други просторни услови во с.Тополчани каде престојуваат 12 деца на педучилишна возраст.

Вкупен број на вработени кои се вклучени во дејноста изнесува 98 - на неопределено работно време.

**Наменските дотации кои за 2013 година изнесуваат 33.120.102.00 се строго наменски користени и тоа:**

| | |
|---|---|
| **- 401 Основни плати** | **17.890.800,00** |
| **-402 Придонеси за соц. осиг.** | **6.685.567 .00** |

| | |
|---|---|
| **-421 Комунални услуги** | **6.014.908.00** |
| **-423 Материјали за сит. инв** | **1.398.894.00** |
| **-424 Поправка и тек. одрж** | **296.828.00** |
| **-426 Други тековни расходи** | **581.445.00** |
| **-464 Отпремнини за пензија** | **251.660.00** |

За активна реализација на целокупната воспитно – образовна – згрижувачка дејност во која спаѓа целовитоста на организациона поставеност на дејноста од аспект на подмирување на потребите на децата од најмалата возраст за прифаќање во здрава и исполнета средина, организиран простор за мирување и задоволување на основните потреби за исхрана и правилен психо – физички развој на секое дете поединечно (задоволување на неговите индивидуални потреби), создавање на просторни, хигиенски и материјални услови кои ќе го заменат детскиот дом во кој поголем дел од денот престојуваат, трошоците за обезбедување на наведените потреби се подмируваат од сопствените средства и тоа :

- Приходи од децата, месечна партиципација во износ од 1.490,00 денари, под предпоставка дека сите запишани деца континуирано престојуваат без отстапување и намалување на износот.

**Во 2013 година сопствени средства по основ приходи**

| | | |
|---|---|---|
| • **723111** | **Приходи од децата** | **11.751.991,00** |
| • **723911** | **Приходи од кирија** | **279.840,00** |
| • **723111/2** | **Други приходи** | **11.997.00** |
| • **723111/8** | **Приходи од ОЦСЕ за деца** | **6.500.00** |
| • **723111/2** | **Приходи од минати години** | **409.783.00** |
| | **Вкупно:** | **12.460.111.00** |

Најголем дел од приходните средства се искористени за прехрамбени продукти според нормативите укажани од МТСП и Заводот за исхрана и домаќинство на Р.Македонија , но и во следните расходи :

- **420 Патни и дневни расходи** **3.370.00**
  - **421 Комунални услуги (електрична енергија, вода и канализација, телефон и телефакс, течни горива, гориво и масло)** **1.987.750.00**
- **423 Материјали** **6.303.217.50**

| | | |
|---|---|---|
| **- 423120** | **Списанија** | **10.319.00** |
| **- 423410** | **Прехрамбени производи** | **5.375.558.00** |
| **- 423710** | **Средства за хигиена** | **250.981.00** |
| **- 423110** | **Канцелариски материјали** | **160.390,00** |
| **- 423310** | **Униформи** | **46.492.00** |
| **-423810** | **Ситен инвентор** | **5.042.00** |
| **- 423999** | **Други материјали** | **454.435.50** |

*Во кои се сублимирани покрај канцелариските материјали за административна работа, набавка на нагледно дидактички материјали, материјали за активности, аудио визуелни помагала, детски списанија и литература, сликовници, стручна литература и други наменски помагала како досие на детето, дневници, евидентни книги итн.

Покрај задоволување на потребите од основни средства, за секојдневната непречена работа во 2013 година извршена е набавка на: кујнски прибор, ситен инвентар за потребите на кујните во вредност од 305.977,00 денари, теписони во вредност од 200.000,00 денари, 50 душеци - јоги и 50 душеци за рекс креветчиња во вредност од 283.200,00 денари, 15 масички, 60 столчиња и 30 детски рекс креветчиња во износ од 298.245,00 денари. Според укажувањата на Државен санитарен инспекторат, набавен е и дефибрилатор во износ од 50.521,00 денари. Согласно Правилникот за заштита при работа, набавени се униформи за сите вработени во вредност од 148.798,00 денари.

**За тековно рутинско одржување потрошени се 1.154.337.50 и тоа:**

| | |
|---|---|
| **424430 Поправка опрема** | **162.250.00** |
| **424440 Поправка и оджување на машини** | **944.887.50** |
| **424420 Поправка и одрж. на софт и хард.** | **47.200.00** |

Во текот на 2013 година извршена е реконструкција на еден дел (кој пред тоа не беше во употреба) во објектот Бончејца од страна на Општина Прилеп во соработка со Швајцарската агенција за соработка и развој во износ од 7.200.000,00 денари. Швајцарската агенција за соработка и развој донираше 2.400.000,00 денари во реализацијата од проектот, а Општина Прилеп обезбеди 4.800.000,00 денари. За опремување на просторот, Мермерен комбинат Прилеп донираше 3 плахари со фиоки , 21 масичка, 3 гардеробни клупи, 3 плахари за дидактика.

МТСП целосно го реконструираше и го опреми просторот во ОУ во с. Тополчани кој се користи за потребите на нашата установа. Инвестицијата е 1.300.000,00 денари од МТСП и 100.000,00 денари од Општина Прилеп. Просторијата е опремена со плакари за креветчиња, плакари за постелнина, плакар за дидактички материјали, плакар за материјали со фиоки, шкафчиња за облека, масички 5, столчиња 20, клупа 1, креветчиња 20, електрични панели 3, кебиња 25, чаршави 40, пердиња 3, теписони 4, чаршави плик 40, фротирки 40.

Во текот на 2013 година, беа целосно молерисани два објекти Тризла и Мирче Ацев, а делумно Гоце Делчев и Бончејца.

**425 Договорни услуги 1.277.281.00**

**Искористени во расходи и тоа :**

- **За примарна здраствена заштита**

Според Законот за здраствена заштита задолжителни се санитарни прегледи на сите вработени - еднаш годишно, а вработените кои се во контакт со припремата и дистрибуирање на исхраната - двапати годишно, како и договорни услуги за превентивна здраствена заштита за ДДД.

Други договорни услуги – расходите паѓаат на трошоците :

- Надоместоците на договорни работници, кои произлегуваат од специфичноста на дејноста (згрижување на најмалата популација) при неопходни потреби за замена на оправдано одсутен работник , зголемен обем на работа кој ги надминува нормативите по бројност за воспитно – образовно– згрижувачка дејност.

Тука се искалкулирани и правните услуги околу неподмиру вање на трошоците за партиципација на децата како и Осигурување на Објектите од неповолни хаварии.

**426Други тековнирасходи 194.362.50.00**

Останатите оперативни расходи се користени по потреба за оперативни трансвери во работата.

-Нашите побарувања од деца – родители се во износ од 2.818.434,.50 денари а обврските спрема добавувачите се во износ од 1.361.405,90денари и истите ќе се измирени во месец 01- 2013 година.

## ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА „КИРО КРСТЕСКИ ПЛАТНИК"

Домот за стари лица “ Киро Крстески-Платник“ Прилеп, е јавна општинска установа од областа на социјалната заштита, со основна дејност обезбедување на сместување, исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно забавни активности, работно-рекреативни активности, услуги од социјални потреби и други услуги на старите лица, зависно од потребите, психофизичките способности и барањата на корисниците.

Покрај основната дејност Домот во текот на годината, обезбедува прифаќање и времено сместување на возрасни лица, кои заради разни околности се нашле надвор од местото на живеење, без средства за живот или се без постојано сместување, се до нивното враќање во сопственото семејство или сместување во друга установа за социјална заштита.

Вкупната површина со која располага Домот е 10.688м2 од кои 4.038м2 под објект и 6.650м2 дворно место и економија.

Капацитетот на Домот е 147 легла (од кои 50 легла во новиот дел) и 97 во другиот дел кој е целосно исполнет со корисници од повеќе општини во Македонија.Моментално во Домот има сместено 135 корисници од 23 општини во Македонија.

Вкупниот број на вработени е 42, од кои 20 примаат плата од Буџетот на РМ,а останатите 22 вработени од сметката на самофинансирачки активности.

Финансирањето на Домот се врши преку наменски дотации и самофинансирачки активности.

Блок дотации за 2013 година изнесуваат **12.739.816,00** денари кои се потрошени за:

**- плати,надоместоци и придонеси од плати ......... 5.376.996,00 ден.**
**- комунални услуги..................................................... 2.221.000,00 ден.**

-ѓубретарина 2.527,00 ден.
-затоплување 2.218.473,00 ден.

**- материјали............................................................. 5.100.00,00 ден.**

-прехрамбени артикли 3.100.000,00 ден.
-лекови 1.000.000,00 ден.
-средства за хигиена 1.000.000,00 ден.

Од сметката на самофинансирачки активности вкупниот приход изнесува 13**.246.566,00** денари и тоа:

**- приходи од проект Народна кујна 2.462.904,00 ден.**
**- приходи од сместување............................................ 10.120.218,00 "**
**- приходи од тендери.................................................. 7.800,00 "**
**- останати неданочни приходи................................. 403.741,00 "**
**- други средства на солидарност............................... 210.000,00 "**
**-приходи од осигурување.......................................... 41.903,00 "**

Од приходите од сметката на самофинансирачки активноси се потрошени 13**.246.566,00** денари за:

**- плати,надоместоци и придонеси од плата................4.358.094,00 ден.**
**- патни и дневни расходи................................................ 1.000,00 "**
**- комунални услуги...................................................... 3.317.306,00 "**
**- материјали.................................................................. 3.084.535,00 "**

кои се потрошени за канцелариски материјали,списанија и весници за корисниците, прехрамбени артикли (од кои 2.524.087 денар се потрошени за проектот „Народна кујна за лица со социјални проблеми"), лекови, средства за хигиена, ситен инвентар и други материјали.

**-тековно одржување.......................................................... 636.247,00 "**

од кои дел се потрошени за поправка и сервисирање на лесни возила, одржување на згради, сервисирање на опремата, одржување на опремата и ДДД.

**- договорни услуги........................................................ 996.272,00 "**

за здравствена заштита на корисниците и санитарни прегледи на вработените,други образовни услуги, банкарска провизија, други финансиски услуги,осигурување на опремата и градежните објекти, осигурување на возилата, други договорни услуги .

**- други тековни расходи......................................... ....... 329.531,00 "**

расходи за репрезентации, семинари и конференции,објавување на огласи и други оперативни расходи.

**- купување на опрема...................................................... 15.999,00 "**

купување на канцелариска опрема,информатичка и видео опрема,кујнска опрена и друга опрема.

**- реконструкција на други објекти ............................... 362.732,00 "**

Во 2013 година продолжи со работа проектот "Народни кујни за лица со социјални проблеми" кој се спроведува во Домот и со овој проект им се дава услуга на 100 лица.

## III СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ,КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - 2013 година

**СЕКТОРОТ ЗА УРБАНИЗАМ , КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА,**

програмата за 2013 г.и своите активности ја реализираше преку четирите одделенија:

**1. ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** ја реализираше програмата : F1 Урбанистичко планирање

**2. ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ** ги реализираше програмите:
F1 Урбанистичко планирање
J3 Јавно осветлување
J8 Други комунални услуги
JA Изградба на јавно осветлување.
JG Изградба на системи за водоснабдување
JI Изградба на системи за одводнување и прочистување
JL Други комунални услуги (Капитални расходи)
JN Одржување на урбана опрема
KA Културни манифестации и творештво
LA Спорт и рекреација

**3. ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПАТИШТА И УЛИЦИ** ги реализираше програмите:
JD Изградба и реконструкција на локални патишта и ул.
J6 Одржување и заштита на локални патишта и регулирање на режимот за сообраќај
J8 Други комунални услуги
JN Одржување на урбана опрема

**4. ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УПРАВУВАЊЕ, РАСПОЛАГАЊЕ, АДМИНИСТРИРАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА** ја реализираше програмата
F1 Урбанистичко планирање

**СЕКТОРОТ** ги вршеше работите и работните задачи кои произлегуваат од законите и подзаконските акти кои го уредуваат овие области во интерес на граѓаните на град Прилеп, така што во деловодникот за 2013 година беа заведени 4909 предмети , а во уписникот 674 предмети.

Од 07.02.13 беа заведени195 барања за постапување со бесправни објекти за земјоделие.

Во 2013 година беа разгледани 6167 предмети, со што беа третирани сите 15 367 барања за постапување со бесправно изградените објекти. Донесени се решенија за 2310 предмети.

**1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Во текот на 2013г. согласно законската регулатива за донесување на урбанистичка документација,реализирани беа следните активности:
Донесени планови

- ДУП за УЕ 18 УБ 18,02,,1,, Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 2 УБ 2,01, опфат 1 , Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 10, УБ 10.01, опфат,, 3,, Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 11, дел од УБ 11.08, плански опфат "1", Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 9, дел од УБ 9/2, кварт 3 и 4 дел - „Стара чаршија,, Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 10, УБ 10.01, опфат,, 1,, Општина Прилеп

I.ИЗМЕНА НА ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП

- ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП - ПРИЛЕП,

*II.ПЛАНОВИ ВО ПОСТАПКА ВО 2013 Г*

- ДУП за УЕ 1, УБ 1,03, пл. опфат „1,,
- ДУП за УЕ 8, УБ 8,02-дел, пл. опфат „1,,
- ДУП за УЕ 2, УБ 2.01 , опфат,,2,,

- ДУП за УЕ 2, УБ 2.01 , опфат,,А,,
- ДУП за УЕ 6, УБ 6,01 пофат,,1,,
- ДУП за УЕ 6, УБ 6,01 пофат,,3,,
- ДУП за УЕ 7, УБ 7.01, плански опфат ,,Б,,
- ДУП за УЕ 7, УБ 7.02, ОПФАТ,,3,,
- ДУП за УЕ 7, УБ 7.01, ОПФАТ,,4,,
- ДУП за УЕ 7, УБ 7.01, ОПФАТ,,5,,
- ДУП за УЕ 8, УБ 8.04-дел
- ДУП за УЕ 9, УБ 9.01, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 9, УБ 9.02, опфат,, 2,,
- ДУП за УЕ 10, УБ 10.01, опфат,, 6
- ДУП за УЕ 10, УБ 10.01, опфат,, 5,,
- ДУП за УЕ 13, УБ 13.01и 13,02, опфат,, 1,,
- ДУП за УЕ 13, УБ 13.03, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 13, УБ 13.01, опфат,,2,,
- ДУП за УЕ 13, УБ 13.02, опфат,, 3,,
- ДУП за УЕ 15, УБ 15.01, опфат,,2,,
- ДУП за УЕ 16, УБ 16.02, опфат,,3,,
- ДУП за УЕ 16, УБ 16.01, опфат,,3,,
- ДУП за УЕ 16, УБ 16.03, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 17, УБ 17.03, опфат,,А,,
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.04, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.05, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.07,
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.09, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.03, опфат,,2,,
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.06, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.06, опфат,,2,,
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01, опфат,,А,,
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.01, опфат,,2,,
- ДУП за УЕ 2, УБ 2.02, опфат,,2,,
- ДУП за УЕ 17, УБ 17.03, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 17, УБ 17.03, опфат,,2,,
- ДУП за УЕ 2, УБ 2.02, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01, опфат,,2,,
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01, опфат,,3,,
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01, опфат,,4,,
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01, опфат,,5,,
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01, опфат,,6,,
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.05, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 15, УБ 15.02, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.03, опфат,,1,,
- ДУП за УЕ 13, УБ 13.02 опфат,,2,,
- ДУП за УЕ 10, УБ 10.01-дел
- ДУП за УЕ 8, УБ 8.02, опфат ,,2,,
- ДУП за УЕ 14, УБ 14.01, опфат ,,1,,
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01 опфат ,,5,,
- ДУП за УЕ 7, УБ 7.01 за КП 1,31
- ДУП за УЕ 10 УБ 10,01,,1,, -
- ДУП за УЕ 16, УБ 16.01 ОПФАТ,,,2,,
- ДУП за УАЕ 9, УБ 9.01-дел, пл. опфат А

- ДУП за УЕ 20, УБ 20.01, опфат „1„
- ДУП за УЕ 1, УБ 1.03,
- ДУП за УЕ 17, УБ 17.04 и 17,05
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.06, опфат „6„

ДОНЕСЕНИ ЛУПД

- ЛУПД - "Стопански комплекс -Сервис за моторни возила и производство на автоделови" на КП бр. 4238, во м.в. Долно Садово
- ЛУПД - комплекс градби за лесна и незагадувачка индустија на КП бр. 1064/9, 1061/7, 1063/2, 1064/8, 1066/3, 1066/2 и делови од КП 1066/1, 1064/1, 1064/2, КО Беровци, Општина Прилеп.
- ЛУПД за формирање на ГП1.1 на КП.6, за Антенски столб за радиорелејна мрежа за потребите на ЕВН-Македонија, Борула - РЕП, К.О. Присад, во Општина Прилеп,
- ЛУПД за изградба на погон за погон за метални производи и машини, на КП бр. 235/2, м.в.„Duј Гас„ , КО Ново Лагово.

Во буџетската 2013 година во ставката за комунално уредување на градежното земјиште, уплатени се вкупно 35.806,080,оо денари, а во ставката за легализација на бесправно изградени објекти уплатени се 32.299.044,оо ден.

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ

### ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОДПАДНИ ВОДИ

2013-та година генерално ја карактеризираат активности и дејности на полето на подготовки за почеток со реализација на најголемиот проект во општина Прилеп како по обем исто така и по финансиски средства. Проект вреден над 25.000.000,00 евра. „Изградба на пречистителна станица, реконструкција и продолжување на фекална канализација во град Прилеп - Отпочната е „прва фаза„ која всушност преставува колекторска мрежа за градот.

Од друга страна има дејствија во Единица за имплементирање, и во Надзорниот комитет на овој проект, во врска со проектната документација за инфраструктурна градба -Реконструкција и проширување на Фекална канализација во град Прилеп „втора фаза„ или секундарна мрежа на колекторската мрежа од „прва-та фаза„.

Останатите активности се засноваат на примарните, тековни надлежности на Одделението за комунални работи, во смисла на прифаќање на проекти за инфраструктурна линиска градба, контакти со надлежни комунални субјекти во тој контекст, и контакти за одговор на барања на граѓаните.

Од тој аспект се посочува Одобрувањето на разни проекти за инфраструктура, како и изготвување на акти и прибирање на документи потребни за издавање на одобрение за градење за сите градби за кои инвеститор е Општината како што се:

- 23 (дваесет и три) Проекти за Фекалната канализација во Прилеп-прва фаза,
- 10 (десет) Проекти за Фекалната канализација во Прилеп-втора фаза

Во текот на 2013 година се одобрени неколку Проекти за инфраструктура, и тоа:

- "ФТТХ ОПТИЧКА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА НА ПОДРАЧЈЕ 1 ВО ПРИЛЕП, по дел од улиците: Булевар Маршал Тито (Гоце Делчев), Јоска Јорданоски, 11-ти октомври, Трајко Тарцан, Димо Наредникот и Марксова (Прилепски бранители)
- „ Нов 10(20) КВ кабелски приклучен вод за КБТС 10(20)/0,4 КВ „ Макпетрол Беровци „- во општина Прилеп на К.П. бр. 903/1 , 1055 , 1140 , 1281 и 1057/5 на К.О. Беровци ,
- 10 кв приклучен вод за фотоволтаична електрана„Солартек„ (на КП број 232/2, 232/3, 232/6, 233/3, 233/5, 233/10, 233/7, 233/8, 233/12, 233/13 232/4, 232/5, 233/1, 233/9, 233/11, 67/167/4, 68/1, 69/1, 69/4, 334/1, 334/5, 150/1 и 150/4, К.О. Старо Лагово ).
- "Сообраќаен приклучок и пристапен пат до концесионо поле за експлоатација на минерални суровини - оникс и травертине, во локалитет „Рамна шума„ -н.м. Бешиште

- Крстосница со кружен ток на сообраќајот помеѓу улиците „Октомвриска„-„Моша Пијаде„ и „11-ти Октомври„ во Прилеп.

Изработка на апликации-прашалници со цел аплицирање до МТВ при Влада на РМ, и до Агенција за рурален развој„ при што се одобрени средства за реализација на инфраструктурната градба „Мрежа за феклна канализација во нас. место Мало Коњари„.

Реализирани две јавни набавки за изработка на Основни проекти за три локации во градот ( улица Вера Цирвивири, населба ГРАДИНА и Кружен ток на улици А. Македонски и Октомвриска), и за изработка на Елаборати за заштита на животната средина ( за 23 локации низ градот во склоп на проектот за „Реконструкција и продолжување на Фекална канализација во град Прилеп -„прва фаза„

Во контекст на реализација-изведба на линиски градби се наведуваат :

- Изградба на Сепарирана канализација и Водоводна линија за индустриска зона "Прилеп 1";
- Доизградба на Водоснабдителен систем во населено место КЛЕПАЧ,

Отпочнато со првите седум (7) локации-градилишта низ градот, во контекст на реализација на донираниот проект„Реконструкција и продолжување на канализационата мрежа во Прилеп„

**ЈА Изградба на јавно осветлување**

Изградено и реконструирано е јавно осветлување на повеќе локации во градот и тоа :

Осветлување на кружниот тек кај поштата со должина од 250 метри и тоа 6 столбови од 10 метри со 13 модерни енергетски ефикасни светлосни арматури на износ од 700 000 денари, осветлување на улица „ Дабнички завој „ дел со должина од 300 метри и 12 нови столбови од 6 метри со 12 нови модерни енергетски ефикасни светлосни арматури и износ од 300 000 денари , изградба на подземна инсталација за јавно осветлување во индустриска зона Прилеп 1 со должина од 1900 метри на износ од 900 000 денари , изведба на подземни приклучоци од МРО до куќна табла – од Солидност до АМСМ – ул.„ Александар Македонски „ со должина од 3000 метри и 140 приклучоци на износ од 2 800 000 денари , осветлување на улица „ Александар Македонски „ -влез Лук Оил 1 ва фаза со должина од 1000 метри и осветлување со 35 столбови од 10 метри и 62 модерни енергетски ефикасни светлосни арматури на износ од 3 300 000 денари , осветлување на споменик „ Карпалак „ кај Липа со 163 светлосни арматури со лед диоди и 8 парковски столбчина со износ од 2 300 000 денари ,

Изработка на проекти за јавно осветлување на повеќе локации и тоа : Индустриска зона Прилеп 1 со должина од 4000 метри, кружен тек кај поштата должина од 300 метри , ул.„ Дабнички завој „ со должина од 300 метри , ул.„ Преспанска „ дел од 250 метри , ул.„ Архимедова „ дел 150 метри , ул.„ Тетовска „ дел од 150 метри на износ од 150 000 денари .

**Ј3 тековно одржување**

Тековното одржување на јавното осветлување за периодот од 2013 година реализирано со вкупно 1 000 000 денари од кои за поправка и тековно одржување како и 2 000 000 денари за вградување на материјали при што се сменети поголем број на светилки и поставени се нови енергетски ефикасни светлосни арматури во градот , проширено е мрежата од јавното осветлување во повеќе делови од градот како и во повеќе села .

За пречекот на новата година се работеше на светлосно украсување на градот и потрошени се вкупно 700 000 денари за набавка и монажа на нови и постојни материјали со украсување на централното градско подрачје и украсување на елката.

**Стопанисување со јавни површини**

Во 2013 г. беа издадени 275 одобренија за користење на јавна површина како и 16 дозволи за прокоп на улици за поставување на инсталации.

Во буџетот на општина Прилеп беа собрани 4.090.784,оо ден од надоместок за користење на јавна површина пред деловни и угостителски објекти.

## 3. ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПАТИШТА И УЛИЦИ

### Изградба и реконструкција на улици и патишта

Во текот на 2013 година во склоп на програмата за изградба и реконструкција на улици и општински патишта беа извршени повеќе активности од доменот на рехабилитација, реконструкција, изведување и одржување на патната мрежа во Општината.

Реконструкција и изведба на асфалтна коловозна конструкција се изврши на следните улици :

Улици „Архимедова„-450м; улици „Савска„-700м; улица „Борка Талески„-100м; улица „Осоговска„-160м; улици „Романија„-500м; улица „Струшка„-150м; улица во н.м. Канатларци; улица во н.м. Мало Коњари; улица во н.м. Големо Коњари; улици во н.м. Мажучиште; улици „Кораб„-240м; улици „Леце Котески„-460м; Во текот на оваа година реконструирана е крстосницата на улиците „Прилепски бранители„ и „Мице Козар„ со изведба на нова крстосница со кружен тек на сообраќајот. Улицата „Александар Македонски„ на потегот од бензинска помпа „Макпетрол„ до бензинска помпа „Лукоил„ во должина од 800м, е целосно реконструирана од улица со коловоз од 7м во магистрална улица со четири коловозни ленти, среден разделен појас, тротоари и ново улично осветлување.

Во 2013 год. вкупно изведени улици со асфалтна коловозна конструкција се 30000 $м^2$.

Подобрувањето на комуналната инфраструктура се надополнува со поставување на подлога (тампонски носив слој од толченик) и припремање за асфалтирање во наредниот период. Тоа беше направено по следните улици : „Круме Волнароски„-краци-400м; „Браќа Ламески„-80; „Кораб„-250м; улица „Митко Цветаноски„-130м; улица „Град Јајце„-150; улици „Белградска„-230м; улици „Војводинска„-900м; улици „Струшка„-150м; улица „Мице Козар„-краци-450м; улици во н.м. Ерековци-800м; улици во н.м. Беровци-250м; Улици во н.м. Галичани-800м; улици во н.м. Ново Лагово-600м.

Вкупните вложени средства за изведба, реконструкција и рехабилитација на улици и патишта во Општина Прилеп за горенаведените улици изнесува 64 000 000 ден.

### Одржување и заштита на општински патишта и улици

Од аспект на одржување на коловозот на улиците и патиштата во Општина Прилеп, во неколку наврати се изврши корекција, санирање и асфалтирање на ударни дупки, прокопи и сл. како и интервентно планирање, валирање и тампонирање на критични места на улици и патишта во Општина Прилеп.

Во текот на 2013 г. работено е во континуитет према потребите, за хоризонтално и вертикално обележување на улиците, согласно Програмата, потребите и тендерските договори.

За вертикална сигнализација набавени се нови 337 знаци и постојано се поправани оштетените и извадени знаци за што потрошени се 1.187.135,оо ден

За хоризонталната сигнализација потрошени се 1.681.618,оо денари и обележани се 16.534,оо м2 површини.

Вкупните вложените средства се обезбедени од ЕЛС Прилеп.

Во текот на зимската сезона на почетокот на годината односно во периодот од 01.01. до 15.03.2013 година од страна на тендерски избраниот извршител на работите е интервенирано по потреба и се чистени, како улиците во градот, така и патиштата до населените места во општина Прилеп и е извршувано постојано дежурство од страна на службата за зимско одржување.

Од 15.11. до 31.12.2013 година во тек на новата сезона за зимско одржување се работеше по истиот начин со дежурства и интервенции.

**ЈДО** Експропријација за пробивање на улици

-Крстосница на Ул.„Димо Наредникот„ и Ул.„Ленин„ (214.664,00ден.)

-Крстосница на Ул.„Борка Талески„ и Ул.„Моша Пијаде„(кај Шатор)

-Ул.„Архимедова„- крак (3.546.398,00ден.)

-Пешачка патека на Ул.„Пере Тошев„

**ЈЛ** Други комунални услуги

- Изградба на потпорни ѕидови на ул.„Св. Јован Бигорски„

- Изградба на кејски ѕид на долен тек од Градска река ( 684.251,00ден)

## 4.ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УПРАВУВАЊЕ, РАСПОЛАГАЊЕ, АДМИНИСТРИРАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

Во текот на 2013 година во Одделението за управување, располагање, администрирање и евиденција на недвижен имот во сопственост на општината, се одвиваа следните активности за продажба на имот во сопственост на Општината:

1. БАРАЊА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Во одделението беа пристигнати 571 барања за извод од ДУП од кои сите беа реализирани во законскиот рок.

2. БАРАЊА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА ЗА ОФОРМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ПРЕДВИДЕНА СО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, А ЛИЦЕТО ИМА ВО СОПСТВЕНОСТ ПОВЕЌЕ ОД 30% ОД ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА И АКО СО ПЛАНОТ НА ТАА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА НЕ СЕ ПРЕДВИДУВА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС УТВРДЕН СО ЗАКОН

Во одделението беа пристигнати 13 барања. Постапено е по 11 барања, што значи дека со истите странки е потпишан и солемнизиран договорот за откуп на градежно земјиште во сопстеност на Општината, додека за 2 барања е сосема прекината постапката или е прекината поради претходно прашање.

3. БАРАЊА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ДРУГИТЕ СОПСТВЕНИЦИ НА ОБЈЕКТИ ИЛИ ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ОБЈЕКТИ ИЗГРАДЕНИ СО ГРАДЕЖНО-ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНТИРАНИ ВО ЈАВНАТА КНИГА НА НЕДВИЖНОСТИ КОИ НЕ ПОСЕДУВААТ АКТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Во одделението пристигнаа 99 барања, од кои се решени 49. Останатите 50 барања се во тек и нивната реализација е пренесена во 2014 година.

4. БАРАЊА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ВРЗ ОСНОВА НА ДОГОВОР СКЛУЧЕН СО ПОРАНЕШЕН СОПСТВЕНИК ПРЕД ПОВЕЌЕ ОД 20 ГОДИНИ ОД ДЕНОТ НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Во одделението беа пристигнати 17 барања од кои се решени 12. Останатите 7 барања се во тек и нивната реализација е префрлена во 2014.

5. ОБЈАВИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Во 2013 година, реализирани се 6 Објави за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање, што подразбира Објавување дека е во тек постапка за електронското јавно наддавање, во дневен печат и на интернет страни, прибирање на пријави за јавното наддавање, водење на постапката пред и по завршување на јавното наддавање се до потпишување на договори за купените парцели и нивна солемнизација.

Во вкупно 6 Објави продадени се вкупно 17 парцели градежно неизградено земјиште, од кои со намена:

Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, продадена е 1 парцела,

А1 -домување во станбени куќи, продадени се 13 парцели,

Б1 - мали комерцијални и деловни намени, продадени се 2 парцели,

Е2 - бензиска пумпна станица и услужен центар, продадена е 1 парцела.

## IV. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА-2013 год.

Во текот на изминатата 2013 год. во ТППЕ - Прилеп примени се вкупно 454 пријава за настанати пожари и други непогоди. Од вкупно применитe пријави за настанати пожари и други непогоди :

- 187 пријави се за настанати пожари на објекти со вкупна материјална штета од околу 66 692 000.00 ден. или по околу 360 000.00 по настанат пожар.

-21 пријави се за настанат пожар на сообраќајни средства со вкупна материјална штета од околу1 453 500.00 ден. или по околу 70 000.00 ден по настанат пожар.

-140 пријави се за настанат пожар на отворен простор ( шумски површини, земјоделски површини, депонии и сл.) со вкупна површина од 663 ха.

- 76 примени пријави се за технички интервенции и други активности на ТППЕ

-25 лажни пријави на кои што ТППЕ излегла но немало пожар.

-4 пријави на кои од оправдани причини ТППЕ не интервенирала.

Статистичките податоци што се водат во ТППЕ покажуваат дека од година во година се поголем е бројот на таканаречени технички интервенции кои што се состојат од интервенирање пред се на:

- Техничка интервенција на сообраќајни незгоди - што се состои од извлекување на повредени или погинати лица во истите.

- Техничка интервенција за спасување на лица од длабочини и височини - што се состои од спасување од провалии, понори,бунари и слично.

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град Скопје, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

**Летни дискотеки**

При нивно поставувување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

Се поставуваат со Програма донесена на Совет на Општина Прилеп.

**Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед**

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0м², а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м².

**Телефонски говорници**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на зид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5м x 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**Монтажно-демонтажни типски објекти**

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0 м², кои можат да се постават на одредени места.

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи.

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно - промотивни или деловно - информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

Обликовни услови

- Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50см.
- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

Сообраќајни услови

- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м. до 2,5м, а од раскрсница мин. 10,0м. од почетокот на радиусот за десно свртување.

Технички услови

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација, (мијалник-тоалет).
- Подната, зидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

**Автобуски постојки**

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0м² до 16,0м² и висина до 4,0м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

Во зависност од фрекфенцијата на сообраќајот има четри типа на автобуски стојалишта и тоа:

**а) Тип А** - само автобуска постојка

Во рамките на овој тип има настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

**б) Тип Б** - автобуска постојка со билетара

Во рамките на овој тип има билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

**в) Тип В** - автобуска постојка со киоск

Во рамките на овој тип има киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

**г) Тип Г** - автобуска постојка со билетара и киоск

Во рамките на овој тип има билетара, киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

Типот на автобуските постојки и микролокацијата каде ќе бидат поставени се одредува според планот на автобуски постојки кој го утврдува Општина Прилеп.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2,5м.

**Објекти за обезбедување**

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0м². За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

**Јавни санитарни јазли**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

**Тераси, шанкови и настрешници**

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.78/06, 140/07;12/09; и 142/10), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно,

полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува скаладирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси,столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Исклучително во пешачка зона, на плоштади, кеј и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса теба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Чадорите се со минималната слободна височина од 2.4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смеат да биде прицврстен за подлогата.

Тендите се типски - монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3.2м.Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Настрешница е лесен монтажно - демонтажна елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.

При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3.2м.

Доколку се поставува настрешница не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.

Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8 м.

Оградите и жардињерите треба да биде изведена од квалитетни материјали со високо естетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваа само помеѓу соседни летни тераси.

**Покриени и отворени шанкови**

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

**Самостоечките рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.54/07, 86/08, 98/08 и 64/09;161/09;36/11;51/11) и посебен акт на Општина Прилеп.

**Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со

елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

**Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м х 1,2м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

**Паркиралишта за велосипеди**

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на Општина Прилеп.

**Жардињери, граничници**

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

**Тезги**

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 м2**,** и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста. Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

**Елементи за изложување на производи**

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставува покрај зидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застакленување и слично)

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да биде во согласност со микролокациските услови, со високи естетско-функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

**2.2. Дејности кои можат да се вршат во времените објекти**

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2, став 4 од Закон за градење („Сл.весник на РМ"бр.130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 27/14 ).

Урбаната опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

**3. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема**

Согласно Закон за градење („Сл.весник на РМ"бр.130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 27/14 ), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината Прилеп.

Урбаната опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема, кое го издава градоначалникот на општина Прилеп.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема во размер 1:1000.

Општина Прилеп на почетокот на секоја календарска година ги објавува потребите од определување на локации за поставување на урбана опрема и нивно дислоцирање или задржување и во наредниот програмски период.

Согласно Правилникот за формата и содржината на Одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање (Сл. весник на РМ бр. 36/10), Одобрението за поставување на урбана опрема се издава на образец во формат А4.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Точно позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет од страна на општина Прилеп.

Формата и содржината на одобрението и начинот на неговото издавање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Општина Прилеп согласно Законот за градење („Сл.весник на РМ"бр.130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 27/14 )) води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Прилеп, се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрението од став 1 на овој член го издава градоначалникот на општина Прилеп.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловна проторија, одобрението за поставување може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење дејност, од страна на градоначалникот на Општина Прилеп.

Кога просторот пред деловната просторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловна просторија.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации, и др.).
- краткотрајно, за период до 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.),
- сезонско, за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.),
- годишно за период до 1 година (угостителство, трговија, градилиште и др.).

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до градоначалникот на Општина Прилеп.

Кога издавањето на одобрение за поставување е во надлежност на градоначалникот на Општина Прилеп, одобрението за поставување ќе се издаде во рамките на постапка за добивање на одобрение за вршење на дејност.

Постапката за добивање на одобрение за вршење на дејност, ја води надлежната служба на Општина Прилеп, согласно пропишани услови и стандарди.

Одобрението за поставување на урбана опрема, се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

**И. За урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа:** продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед;

1. одобрение за вршење на дејност, издадено од Општина Прилеп,
2. Проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата;
3. доказ за регулирано плаќање на комунална такса;
4. геодетски елаборат со нумерички податоци.

**ИИ. За урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа:** тераси со или без настрешници, покриени и непокриени шанкови:

1. одобрение за вршење на дејност, издадено од Општина Прилеп,
2. заверен Елаборат врз основа на кој е издадено одобрение за вршење на дејност,
3. доказ за регулирано плаќање на комунална такса,
4. извод од Програма;
5. геодетски елаборат со нумерички податоци.

**ИИИ. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг простори, рекламни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти**

1. Извод од Програма, со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект
3. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

**ИВ. Клупи, чешми, корпи за отпадоци, телефонски говорници, автобуски постојки, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење на дејност**

1. Извод од Програма со микролокациски услови.

**В. Фонтани**

**В1. Фонтана, со споменик, канделабри, клупи, корпи за отпадоци и водени басени.**

1. Извод од програма со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект.

Постапката по барањето ја спроведува надлежниот Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Прилеп.

Надлежниот сектор на општината врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето, од аспект на усогласеноста со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди, утврдени во Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Прилеп, ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. број 08 - 1395/18 од 08.06.2010 година).

Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е дадено доколку:

- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување,
- престане важењето на одобрението за вршење на дејност,
- не се постапува по акти на надлежни инспекции, издадени со вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања.

Во случаите од претходно наведеното, ново одобрение нема да се издаде во наредниот период од 6 месеци.

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобренијата не може да ја издаде или пренесе на коритење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

Даденото одобрение за поставување на урбаната опрема не значат ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

**7. Извори на финансирање на програмата**

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Прилеп се финансира од буџетот на Општината за 2014 година.

**7.1 Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на времените објекти и урбана опрема**

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

**8. Динамика на реализација на програмата**

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од створените правни и технички услови.

**9. Вршење надзор**

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Закон за градење („Сл.весник на РМ"бр.130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 27/14 ,).

**10. Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Прилеп во соработка со Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општината.

Во состав на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Прилеп за 2014 година спаѓа и графички дел.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 639/35<br>13.03.2014 година<br>Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Прилеп<br>м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 10, ДЕЛ ОД УБ 10.01, ПЛАНСКИ ОПФАТ "6", КО ПРИЛЕП.**

1. Одлуката донесување на Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од УБ 10.01, плански опфат "6", КО Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 648/35<br>14.0.03.2014 година<br>Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Прилеп<br>Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05, 137/2007, 91/09, 124/10, 18/11 , 53/11, 144/12 и 70/13), чл.22 ст.1, т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.03.2014 донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 10, ДЕЛ ОД УБ 10.01, ПЛАНСКИ ОПФАТ "6"„ КО ПРИЛЕП, ОПШТИНА ПРИЛЕП ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013-2018**

**Чл.1**

Се донесува Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од УБ 10.01, плански опфат “6”, КО ПРИЛЕП, Општина Прилеп, плански период 2013-2018, (во понатамошниот текст: планот).

Планскиот опфат го дефинираат следните граници:

- -од северо-западната страна, почнувајќи од пресечна точка 1, по осовината на ул. ..Крушевска.. до пресекот со осовината на ул. ..Пелистерска.., пресечна точка 2 , од каде продолжува према југо-запад по осовината до пресекот на осовината на ул. .. Драган Талески.. , пресечната точка 3 и продолжува до пресечната точка 4, до осовината на ул. ..Борис Кидриќ.. ;
- од западната и југо-западната страна, почнувајќи од пресечна точка 4, по осовината на ул. ..Борис Кидриќ.. до пресечната точка 5, каде свртува према југо-исток, по осовината на ул. ..11ти Октомври.. се до пресечната точка 6 (одговара на 31), каде свртува на северо-исток;
- од југо-источната страна, почнувајќи од пресечна точка 6, по осовината на ул. ..Коле Неделкоски.. до пресекот со осовината на ул. ..Киро Крстески - Платник.., точка 7, каде свртува према северо-запад
- од северо - источната страна, почнувајќи од пресечна точка 7, по осовината на ул. ..Киро Крстески - Платник.. до пресечна точка 1, каде се затвора планскиот опфат.

Површината на планскиот опфат за УЕ 10, УБ 10.01, плански опфат,,6,,, изнесува 1,4264 ха сметано по гореспоменатите граници.

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Согласност од МТВ за Детален урбанистички план за УЕ 10, УБ 10.01 ,плански опфат ,,3,, , КО Прилеп плански период 2013 — 2018 со бр. 14-3020/2 од 04.03.2014 г

-Предлог Детален урбанистички план за

ПРЕДЛОГ Детален урбанистички план за УЕ 10,

УБ 10.01 ,плански опфат ,,3,, , КО Прилеп

плански период 2013 -– 2018 , со тех.бр. 14/12 од Декември 2013 година изработен од од ,,СТИЛ ПРОЕКТ,, ДООЕЛ од Прилеп

-Програма за изработка на Програма за донесување на урбанистички планови територијата на општина Прилеп за 2012 година бр.07-230/6 од 31.01.2012 г

-Извештај за извршена стручна ревизија тех.бр.08-03/13 од 20.02.2013 г изработена од ,,УРБАН ПРОЕКТ,,ДООЕЛ-Прилеп.

-Одговор на забелешките од стручната ревизија техн. бр.2-14/12 од февруари 2013 г. од изработувачот на планот

-Решение за формирање на стручна комисија бр.08-329/1 од 09.02.2012 г.

-Стручно мислење бр.03-905/3 од 04.04.2013 година од Комисијата за давање на мислење по Нацрт плановите во Општина Прилеп

-Одговор на мислење бр.3-14/12 од април 2013 г

-Одлука за утврдување на Нацрт план бр.07-1569/20 од 04.06.2013 година

-Одлука за организирање на Јавна презентација и јавна анкета бр.08-1643/1 од 11.06.2013 г

-Соопштение бр. 03-1643/2 од 11.06.2013 година објавено во весниците ,,Вест ,, и ,,Утрински весник ,, .

-Известување бр.09-66/4 од 18.06.2013 год.

-Список на присутни лица на јавната презентација

-Решение за формирање на стручна комисија бр.08-1803/1 од 22.09.2011г.

-Записник од јавна презентација бр.09-66/5 од 26.06.2013 год

-Извештај од Јавна презентација и Јавна анкета бр.09 –66/6 од 27.06.2013 година

-Известување за постапување по извештајот од јавната презентација и јавната анкета бр.09-66/ 7 од 27.06.2013 год.

-Извештај од Комисијата по забелешките од МТВ бр.09 –66/11 од 02.09.2013 г

-Одлука за организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета бр.08-2122/1 од 04.09.2013 г

-Соопштение бр. 03-2122/1 од 04.09.2013 г година објавено во весниците ,,Дневник ,, и ,,Утрински весник ,, .

-Известување бр.09-66/12 од 09.09.2013 год.

-Список на присутни лица на повторната јавната презентација

-Записник од јавна презентација бр.09-66/13 од 16.09.2013 год

-Извештај од Јавна презентација и Јавна анкета бр.09 –66/14 од 01.10.2013 г

-Известување за постапување по извештајот од јавната презентација и јавната анкета бр.09-66/ 15 од 01.10.2013 год.

-Одлука за неспроведување на стратегиска оцена 08-3124/1 од 30.12.2013

-Мислење од Дирекција за заштита и спасување, бр.10-289/2 од 19.07.2013 г.

-Мислење од Дирекција за заштита и спасување, бр.10-289/4 од 29.01.2014 г.

-Мислење од ЕВН – КЕЦ Прилеп бр.27-1310/2 од 15.07.2013 г

-Мислење од ЕВН – КЕЦ Прилеп бр.27-1834/2 од 26.09.2013 г

-Мислење од ЈКП ,, Водовод и Канализација,, бр. 03-337/2 од 28.06.2013 год.

-Стручно мислење од Министерството за Култура бр. 17-2615/2 од 31. 07. 2013 г.

**СОДРЖИНА**

**ОПШТ ДЕЛ**

1. НАСЛОВНА СТРАНА
2. СОДРЖИНА
3. ИЗВОД ОД РЕГИСТРАЦИЈАТА НА ФИРМАТА
4. ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ
5. ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПЛАНЕРОТ И СОРАБОТНИЦИТЕ
6. ПЛАНСКА ПРОГРАМА
7. ПИСМА ОД ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА
8. ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ПОДЛОГА

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 01-13**

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВОВЕД
2. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ во ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ
   - природни фактори
   - сеизмика на просторот
   - климатски услови
   - културно наследство
5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ
   - инвентаризација на постоен градежен фонд
   - инвентаризација на постојна комунална инфраструктура
6. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИОТ ПЛАН СО МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ
   - степен на реализација
   - извод од постоен ГУП и ДУП
   - програмска задача
   - концепт за просторен развој

Б. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

В. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

- Микролокација - ситуација--м = 1: 10000
- извод од ГУП - ПРИЛЕП --------------------- м = 1: 5000
- намена и сообраќај
- извод од ДУП -за УАЕ бр.10-дел,----------- м = 1: 1000
- ажурирана геодетска подлога---------- ---- м = 1: 500
- инвентаризација и снимање на постоен
- градежен фонд, инфраструктура и вкупна
  - физичка супраструктура -------------------- м = 1: 500
  - инвентаризација и снимка на бесправно
  - изградени градби -------------------------------- м = 1: 500

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВОВЕД
2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ОБЈЕКТИТЕ
   - групи на класи на намени
   - парцелација и регулација
   - површини за градба и висински план
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

ЗА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- примарна и секундарна сообраќајна мрежа
- нивелациско решение
- хидротехничка инфраструктура
- електроенергетика

4. ОСТАНАТО
- делумно обработени барања
- економско образложение

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
- мерки за заштита на животната средина
- мерки за заштита на природата
- мерки за заштита на културното наследство
- мерки за заштита од пожар и други природни и технички непогоди
- мерки за заштита и спасување

6. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
- општи услови
- посебни услови

Б. НУМЕРИЧКИ И БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНИОТ РАЗВОЈ

В. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ---------------- м =1: 500
2. СООБРАЌАЕН ПЛАН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН И ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО------- м =1: 500
3. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН------------------------- м =1: 500
   - водовод
   - канализација
   - електрика
   - птт
4. СИНТЕЗЕН ПЛАН НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА----------------------- м =1: 500

**Чл.3**

Планот се заверува во 7 (седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив, еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.
Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната презентација и јавната анкета, со образложение за прифатените и неприфатените забелешки, изработен од стручна комисија формирана од градоначалникот на Општината.

**Чл.5**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Чл.6**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.7**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 – 639/36 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2014 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УПВНМ ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС - АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА СО ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ ВО КОНЦЕСИСКИ ПРОСТОР НА РУДНИКОТ “СИВЕЦ” КО ПРИСАД, ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. Одлуката за утврдување на УПВНМ за стопански комплекс - административна зграда со придружни објекти во концесиски простор на рудникот “Сивец” КО Присад, Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 648/36 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.0.03.2014 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (“Сл.весник на РМ”бр.51/05, 137/2007, 91/09, 124/10, 18/11,53/11,144/12, 70/13 и 163/13 ), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп (“Сл.гласник на Општина Прилеп”бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.03.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УПВНМ ЗА ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС - АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА СО ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ ВО КОНЦЕСИСКИОТ ПРОСТОР НА РУДНИКОТ „СИВЕЦ.„ КО ПРИСАД, ОПШТИНА ПРИЛЕП

чл.1

Се утврдува Нацрт УПВНМ ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС - АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА СО ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ ВО КОНЦЕСИСКИОТ ПРОСТОР НА РУДНИКОТ „СИВЕЦ.„КО ПРИСАД, ОПШТИНА ПРИЛЕП , како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука,( во натамошниот текст: Планот) .

Планскиот опфат предмет на разработка на деталниот урбанистички план е дефиниран со следната граница:

- почнувајќи од исток оди по осовината на некатегоризиран земејен пат, до границите на кп бр.2187, и продолжува према северозапад по границата на кп бр.2187 се до крајот, каде свртува на југо-запад по границата на кп бр.2221,од тука границата повторно свртува на северо-запад и движејќи се по грнаиците на кп бр.2220 и кп бр.2224 стасува до најсеверната точка на планскиот опфат, каде почнува да се движи кон југо-запад по границите на кп бр.2224 и кп бр.2217, каде би стасале до најзападната точка на планскиот опфат. Од тука границата на планскиот опфат свртува кој југо-исток преку неасфалтираниот пат по границата на кп бр.2218 по која се стасува до најјужната точка на планскиот опфат, од тука гранциата свртува кон северо-исток по границите на кп бр.2218 и кп бр.2219 и кп бр.2220. Кога границата на планскиот опфат стасува до кп бр.2221 свртува кон исток и почнува да се движи по границата на кп бр.2187 каде стасува до осовината на некате-горизираниот неасфалтиран пат каде се затвора планскиот опфат.

Површината на планскиот опфат за Нацрт УПВНМ ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС - АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА СО ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ ВО КОНЦЕСИСКИОТ ПРОСТОР НА РУДНИКОТ ..СИВЕЦ.. КО ПРИСАД, ОПШТИНА ПРИЛЕП изнесува 2,93 ха сметано по гореспоменатите граници.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

1 Нацрт детален урбанистички план УЕ бр.17, УБ бр.17.03,плански опфат „А„ е изработен од ЈП за ПУП-Прилеп, со тех. бр.81/13 од месец декември 2013 год.

**СОДРЖИНА**

ОПШТ ДЕЛ

*1. НАСЛОВНА СТРАНА*
2. СОДРЖИНА
3. ИЗВОД ОД РЕГИСТРАЦИЈАТА НА ФИРМАТА
4. ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ
5. ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПЛАНЕРОТ И СОРАБОТНИЦИТЕ
6. ПИСМА ОД ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА
7. ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ПОДЛОГА

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
1. ВОВЕД
2. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ во ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

- природни фактори
- сеизмика на просторот
- климатски услови
- културно наследство

5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ
- инвентаризација на постоен градежен фонд
- инвентаризација на постојна комунална инфраструктура

6. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИОТ ПЛАН СО МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ

- степен на реализација
- извод од постоен -заклучни согледувања од ПП на РМ
- програмска задача
- концепт за просторен развој

Б. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

В. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. Приказ -прегледна карта на поширокото опкружување на планскиот опфат ------------------м = 1 : 25 000
2. Извод од ПП на РМ ---------------------------------------м = 1 : 250 000
3. Ажурирана геодетска подлога -----------------------м = 1 : 1 000
4. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, инфраструктурата и вкупната физичка супраструктура ------------------м = 1 : 1 000
5. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби-------------------------------------------м = 1 : 1 000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВОВЕД
2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ОБЈЕКТИТЕ

- систем на групи на класи на намени
- класи на намени
- парцелација и регулација
- површини за градба и висински план

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- примарна и секундарна сообраќајна мрежа
- стациониран сообраќај- паркирање и гаражирање
- нивелациско решение
- хидротехничка инфраструктура
- електроенергетика

4. ОСТАНАТО

- делумно обработени барања
- економско образложение

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

- мерки за заштита на животната средина
- мерки за заштита на природата
- мерки за заштита на културното наследство
- мерки за заштита од пожар и други природни и технички непогоди
- мерки за заштита и спасување

6. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

- општи услови
- посебни услови

Б. НУМЕРИЧКИ И БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНИОТ РАЗВОЈ-----------------------------------

В. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ------------------------------------------ м =1: 1000
2. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ------------------------ м =1: 1000
3. СООБРАЌАЕН ПЛАН, НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН И ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО------------------- м =1: 1000
4. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН---------------------- м =1: 1000

- водовод
- канализација
- електрика
- птт

5. СИНТЕЗЕН ПЛАН НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА-------------------- м =1: 1000

2.**Извештај од извршена стручна ревизија** на Нацрт Планот изработена од „УРБАН ПРОЕКТ„ ДООЕЛ -Прилеп , со тех.бр. У-40/2013 од Ноември 2013 год

3.**Мислење** бр.03-396/2 од 18.02.2014 год. од Комисијата за давање на мислење на планска документација формирана од страна на Градоначалникот на општина Прилеп .

5.**Програма** бр. 07-324/13 од 07.02.2014 година за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2014 год .

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 639/37 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2014 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТРВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УБРАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 5, УБ 5.01 ПЛАНСКИ ОПФАТ "1",ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утрврдување на Нацрт-Детален убранистички план за УЕ 5, УБ 5.01 плански опфат "1",Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 648/37 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.0.03.2014 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05, 137/2007, 91/09, 124/10, 18/11,53/11,144/12,70/13 и 163/13 ), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.03.2014 донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за УЕ бр.5, УБ бр.5.01,плански опфат „1„ во Општина Прилеп

чл.1

Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за УЕ бр.5, УБ бр.5.01,плански опфат „1„ Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука,( во натамошниот текст: Планот) .

Планскиот опфат предмет на разработка на деталниот урбанистички план е дефиниран со следната граница:

- Од северозапад се граничи со улица „Браќа Шемкоски"
- Од југозапад се граничи со : КП 7880/2, КП 7880/1, КП 7883/1, КП 7883/1, КП 10141/1, КП 10140, КП 10139, КП 10132, КП 10116, КП 10117/1, КП 10117/2 и КП 10112.
- Од североисток се граничи со улица „Мице Козар" и пристапна улица
- Од југоисток се граничи со улица „ Мице Козар ".

Површината на планскиот опфат за УЕ бр.5, УБ бр.5.01,плански опфат „1„ изнесува 1,28 ха сметано по гореспоменатите граници.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:
1 Нацрт детален урбанистички план УЕ бр.5, УБ бр.5.01,плански опфат „1„ е изработен од ,ПЕРКАН ПРОЕКТ„ ДООЕЛ-Прилеп, со тех. бр.81/13 од месец јануари 2014 год.

**СОДРЖИНА**

**ОПШТ ДЕЛ**

1. НАСЛОВНА СТРАНА
2. СОДРЖИНА
3. ИЗВОД ОД РЕГИСТРАЦИЈАТА НА ФИРМАТА
4. ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ
5. ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПЛАНЕРОТ И СОРАБОТНИЦИТЕ
6. ПЛАНСКА ПРОГРАМА
7. ПИСМА ОД ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА
8. ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ПОДЛОГА

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 01-13**

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВОВЕД
2. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ во ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ
   - природни фактори
   - сеизмика на просторот
   - климатски услови
   - културно наследство
5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

- инвентаризација на постоен градежен фонд
- инвентаризација на постојна комунална инфраструктура

6. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИОТ ПЛАН СО МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ
- степен на реализација
- извод од постоен ГУП и ДУП
- програмска задача
- концепт за просторен развој

Б. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

В. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

- Микролокација - ситуација--------------------м = 1: 10000
- извод од ГУП - ПРИЛЕП --------------------- м = 1: 5000
- намена и сообраќај
- извод од ДУП -за УАЕ бр.10-дел,----------- м = 1: 1000
- ажурирана геодетска подлога---------- ---- м = 1: 1000
- инвентаризација и снимање на постоен
- градежен фонд, инфраструктура и вкупна
- физичка супраструктура -------------------- м = 1: 1000
- инвентаризација и снимка на бесправно
- изградени градби ------------------------------- м = 1: 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВОВЕД
2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ОБЈЕКТИТЕ
- групи на класи на намени
- парцелација и регулација
- површини за градба и висински план
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- примарна и секундарна сообраќајна мрежа
- нивелациско решение
- хидротехничка инфраструктура
- електроенергетика
4. ОСТАНАТО
- делумно обработени барања
- економско образложение
5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
- мерки за заштита на животната средина
- мерки за заштита на природата
- мерки за заштита на културното наследство
- мерки за заштита од пожар и други природни и технички непогоди
- мерки за заштита и спасување
6. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
- општи услови
- посебни услови

Б. НУМЕРИЧКИ И БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНИОТ РАЗВОЈ

В. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ---------- м =1: 1000

2. СООБРАЌАЕН ПЛАН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН И ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО м =1: 1000

3. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН------------------------ м =1: 1000
- водовод
- канализација
- електрика
- птт
4. СИНТЕЗЕН ПЛАН НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА----------------------- м =1: 1000

2.**Извештај од извршена стручна ревизија** на Нацрт Планот изработена од ЈП за ПУП - Прилеп , со тех.бр. 010/14 од февруари 2014 год

3.**Мислење** бр.03-388/3 од 17.02.2014 год. од Комисијата за давање на мислење на планска документација формирана од страна на Градоначалникот на општина Прилеп .

5.**Програма** бр. 07-101/3 од 15.01.2014 година за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2014 год .

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 – 639/38 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2014 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005

и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ НА КОРИСНИЧКО ПРАВО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП НА КП 12452 КО-ПРИЛЕП**

1. Одлуката за откажување на корисничко право на Општина Прилеп на КП 12452 КО-Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 648/38 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.0.03.2014 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10, како и чл.62 од Законот за локална самоуправа на РМ( СЛ.Весник на РМ бр.5/2002), како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.03.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за откажување од корисничко право**

чл.1
Општина Прилеп како корисник на градежно земјиште, утврдено во Имотниот лист бр.41880, издаден од страна на Агенција за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, заведен под бр.1105-31008/2013 од 12.12.2013 год, за КП 12452 за КО-Прилеп, со оваа Одлука СЕ ОТКАЖУВА од корисничкото право над КП 12452 КО-Прилеп.

чл.2
На Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, како надлежна институција, и се дава овластување да ја спроведе оваа Одлука, и истата Одлука претставува основ за бришење на корисничко право над земјиштето од чл.1 од оваа Одлука

чл.3
Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 639/39 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2014 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ НА КОРИСНИЧКО ПРАВО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП НА КП 22843 КО-ПРИЛЕП**

1. Одлуката за откажување на корисничко право на Општина Прилеп на КП 22843 КО-Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 648/39 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.0.03.2014 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10, како и чл.62 од Законот за локална самоуправа на РМ( СЛ.Весник на РМ бр.5/2002), како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.03.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за откажување од корисничко право**

чл.1
Општина Прилеп како корисник на градежно земјиште, утврдено во Имотниот лист бр.41880, издаден од страна на Агенција за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, заведен под бр.1105-28736/2013 од 11.11.2013 год, за КП 22843 за КО-Прилеп, со оваа Одлука СЕ ОТКАЖУВА од корисничкото право над КП 22843 КО-Прилеп.

чл.2
На Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, како надлежна институција, и се дава овластување да ја спроведе оваа Одлука, и истата Одлука претставува основ за бришење на корисничко право над земјиштето од чл.1 од оваа Одлука.

чл.3
